**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 8.5.2018 година**

**Скопје, мај 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 8.5.2018 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.
На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Драган Тилев од Секретаријатот за европски прашања.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер

за финансии, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

  - Подготовка на НПАА ревизија (2019-2021)

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

  - Информација за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран, поради констатирани неправилности при спроведување на Проект финансиран од ИПА прекугранична програма помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013 година

  - Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот, со табеларен приказ

- Информација околу новите моменти за премин во втора фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко - индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање согласност на Анекс - договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги ПРОДИС ДОО експорт импорт Скопје, заведен кај закуподавачот под број 07-607/1 од 18.8.2011 година

2. Информација на Управата за јавни приходи за престанок и давање на трајно користење на движни ствари - опрема за дигитална форензика од Управата за јавни приходи на Управата за финансиска полиција, со Предлог-одлука

3. Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, со Предлог-одлука

4. Извештај за извршените преговори за текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Големото Војводство Луксембург за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со усогласен текст на Спогодбата

5. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија „Актуел енерџи груп“ ДОО Скопје

6. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Основното јавно обвинителство Крива Паланка

7. Предлог-листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Делчево

**б) Економски систем и тековна економска политика**

8. Предлог-закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост

9. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите

10. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари

11. Предлог-уредба за минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), како и функционалноста на Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските

12. Информација за наплата на долг од должникот Друштво за проектирање, градежништво и внатрешна и надворешна трговија „Урбан инвест“ ДОО од с.Возарци, Кавадарци

13. Информација за задолжување на Општина Конче кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука

14. Информација во врска со донесување на Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение

15. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Маак хоумс“ - Кавадарци, со Предлог-решение

16. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Долче ресорт“ - Скопје, со Предлог-решение

17. Информација за продолжување на крајниот рок за користење на средствата од заемот обезбеден од Европската инвестициона банка за проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, со табеларен преглед

18. Извештај за моменталната состојба на железничка делница Бељаковце - Крива Паланка, железнички Коридор 8, фаза 2

19. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи за локациите со референтни броеви 143, 144 и 145 на Маркова Река

20. Информација во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Охридска банка АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот МХЕ „Тополки“ ДОО Скопје, со Предлог-текст на Директен договор и Записник од состанокот на Комисијата за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност, како и на почитувањето на обврските од страна на концесионерите, согласно закон и договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрани

21. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи на концесионерот „Актуел енерџи груп“ ДОО Скопје

22. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата со реден број 51 на Река Ехлоечка на концесионерот МХЕЦ „Ехлоец“ ДОО Скопје, со дополнување

23. Информација за потпишување Рамковен договор помеѓу Фондот за природа Преспа-Охрид (ПОНТ) и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, со текст на Рамковниот договор и дополнување

24. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

25. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици и Д3-спорт и рекреација КО Доброште-вон г.р., Општина Теарце, со Предлог-одлука

26. Информација за престанок на важење на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б-2 големи трговски единици КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

27. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г3- сервиси КО Стајковци вон гр., Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

28. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа со намена Е1-инфраструктура и Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Бошава, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

29. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за поставување на фотоволтаични панели со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Слепче, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука

30. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена хотелски комплекс Б5 КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на спортски центар со намена Д3-спорт и рекреација КО Пехчево, Општина Пехчево, со Предлог-одлука

32. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги „Темов Фруит“ ДООЕЛ, Кавадарци, со Предлог -одлука

33. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Милков ул. Партизанска бр.2 Росоман, со Предлог-одлука

**в) Политички систем**

34. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/284 на Советот од 26 февруари 2018 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука

35. Информација за подготовката на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Македонија кој ќе се одржи на 30 мај 2018 година во Брисел, со прилози

36. Информација со предлози за подобрување на работењето на секторските работни групи

37. Извештај за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020 (за периодот 2015-2017 година), со табеларни прегледи

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

38. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита

39. Информација за утврдување мерки за времено згрижување на затекнатите лица под Кале

40. Информација за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Волшебно сонце“ во Битола, со Предлог-одлука

41. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул.„Мајор Чеде Филиповски“ бб. Гостивар, КП 5906 КО Гостивар- Општина Гостивар, со Предлог-одлука

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

42. Предлог-одлука за Седумнаесетта емисија на обврзници за денационализација

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп

46. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод

47. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес

**б) Политички систем**

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

48. Предлог-одлука за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Дебар и Општата болница Дебар во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност Дебар

49. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект, извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Браќа Миладиновци“ - Струга

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (44-3881/1)

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (44-3882/1)

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (44-3883/1)

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (44-3884/1)

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (44-3885/1)

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (44-3895/1)

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (44-3897/1)

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

61. Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017 година

62. Годишен извештај за работата на Државна комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година

63. Финансиски план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година

64. Програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година

65. Стратешки план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година

66. Извештај на ректорот за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за периодот 16 септември 2016 - 15 септември 2017 година

67. Барање за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани

68. Барање за давање на автентично толкување на членовите 29-а, 29-б, 29-в и 29-г од Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, поднесено од градоначалникот на Општина Шуто Оризари и претседателот на Советот на Општина Шуто Оризари

69. Барање за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за Државното правобранителство, поднесено од пратеникот Реџаиљ Исмаили

70. Барање за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, („Службен весник на Република Македонија бр.132/17“), поднесено од Народниот правобранител Иџет Мемети

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

71. Иницијатива поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.19/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010 и 100/2012)

72. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.8456 за КО Сарај, КП бр.11271

73. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.105358 за КО Бутел на КП бр.6072

74. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43154 за КО Центар 1 на КП 3101/0

75. Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр.141/18 за КО Бутел

**д) Други предлози**

76. Кадровски прашања

77. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

78. Годишен извештај за 2017 година на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија

79. Информација за прогресот на реализација на проектот „Откуп на дворно место 1 евро за 1 $м^2$“

80. Информација во врска со можноста за поврзување на ТИРЗ „Тетово“ со автопатот А2 (Е-65)

81. Годишен извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2017 година

82. Извештај за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2017 година

83. Програма за работата на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2018 година

84. Информација за тековниот статус на болниците во процесот на акредитација, за периодот јануари - март 2018 година

85. Годишен извештај за работата на Државниот инспекторат за локална самоуправа за периодот јануари - декември 2017 година

86. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2017 година, со прилози

87. Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Анализа на предметите и постапките пред Европскиот суд за човекови права за 2017 година, со прилози

88. Информација за прогрес во врска со имплементацијата на Акцискиот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2017 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, Бон, Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана - за периодот 1 јануари - 15 декември 2017 година, со прилози

89. Информација за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во Дневните центри за деца и лица со пречки во развојот

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

90. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „CWIX 2018“, во Република Полска

91. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SABER STRIKE 18“, во Република Полска

92. Информација за програма за одбележување на јубилејот „1000 години од формирањето на Охридската архиепископија“ од страна на државата

93. Информација за давање на позајмица на „11 Октомври Еурокомпозит“ АД Прилеп, со Предлог-одлука

94. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје

95. Информација за потребата од склучување на договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини - базалт помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на работите на изградба на експресен пат А3, делница Штип - Кочани, дел 1 од 0+000 км до 14+300 км, на локалитетот „Ежево Брдо“ Општина Карбинци

96. Информација за потребата од склучување на договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини - песок и чакал помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на работите на изградба на експресен пат А3, делница Штип - Кочани, дел 1 од 0+000 км до 14+ 300 км, на локалитетот Крупиште, Општина Карбинци

97. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговија

98. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени

99. Информација за потребата од алтернативно финансирање за реализација на изградбата на дистрибутивната мрежа во Република Македонија

100. Информација во врска со потпишувањето на Заедничката декларација за намери од страна на шефовите на владите на Република Бугарија и Република Македонија за овозможување на спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија во Бугарија и Македонија, како и Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за енергетика на Република Бугарија и Министерството за економија на Република Македонија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија, усогласени текстови на Заедничка декларација и Меморандум

*

*        *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

**1. Подготовка на НПАА ревизија (2019-2021)**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, ги информираше членовите на Владата дека во текот на денешниот ден (8.5.2018 година) од страна на Секретаријатот за европски прашања до институциите ќе бидат испратени електронски следните документи:

- динамика за подготовка на НПАА 2019-2021,
- детална ГАП анализа на Извештајот на ЕК како и
- преглед на структурата на НПАА работните групи.

По овој повод, Владата заклучи:

1) Институциите носители на поглавјето, во соработка и координација со сите институции вклучени во соодветното поглавје, детално да ја прегледаат и анализираа ГАП анализата во однос на препораките и да започнат со подготовка на потребните материјали. Институцијата носител да достави сублимиран првичен материјал (наративен текст и матрица на активности) за НПАА 2019-2021 до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 1.6.2018 година.

Воедно, насоките за ревизијата на НПАА, како и потребните обрасци ќе бидат дополнително доставени, а рокот за доставување на пополнетите обрасци за институции - Анекс 2 (дистрибуција на работни места), буџетски средства - Анекс 3 и Странска помош - Анекс 4а е до 2.7.2018 година.

Исто така, во текот на јуни 2018 година е предвидено одржување на работилница за финализирање на НПАА 2019-2021 година.

2) Во однос на прегледот на структурата на НПАА работните групи, се задолжува институцијата носител на соодветното поглавје да ја прегледа структурата и да достави до Секретаријатот за европски прашања номинации за раководители, заменици раководители и секретари на работните групи, онаму каде што недостигаат или да ги потврди постоечките, најдоцна до наредната седница на Владата.

3) Со оглед дека од Европската комисија се добиени нови задачи, кои треба да се завршат до крајот на јуни 2018 година, на 15.5.2018 година (вторник) во Клубот на органите на управата ќе се одржи работилница, на која ќе се разгледаат истите, ќе се заземе став и ќе се дополни со задачи кои треба да се завршат до крајот на 2018 година и потоа како План 18 да се постапува по истиот.

**2.** Владата заклучи Секретаријатот за европски прашања да продолжи да ги координира оценските мисии коишто ги праќа Европската комисија, а институциите, имајќи ја предвид важноста на истите, да бидат целосно посветени при спроведувањето на мисиите од страна претставници од земјите членки на Европската Унија.

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

**- Информација за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран, поради констатирани неправилности при спроведување на Проект финансиран од ИПА прекугранична програма помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013 година**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран, поради констатирани неправилности при спроведување на проект финансиран од ИПА прекугранична програма помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за локална самоуправа и Општина Дојран во рок од 10 дена да најдат соодветно решение за подмирување на долгот кон Европската Унија.

**- Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот, со табеларен приказ**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања од ИПА Мастер планот, со табеларен приказ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја засили координацијата во рамките на својата институција за да се обезбеди целосна поддршка на изградбата на Центарот за заштита од катастрофи и обезбедување на континуитет со работењето, финансирано преку ТАИБ 2013.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди координацијата и соодветниот придонес кон подготовка и одобрување на техничката спецификација за набавка на опрема за системот за заштита од катастрофи и обезбедување на континуитет со работењето, финансирано преку ИПА 2014.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја информира Владата за напредокот, ризиците и корективните акции за спроведување на двата проекта за воведување на системот за заштита од катастрофи и обезбедување на континуитет со работењето, финансирани преку ТАИБ 2013 и ИПА 2014.

- **Информација околу новите моменти за премин во втора фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација**

Владата ја разгледа Информацијата околу новите моменти за премин во втора фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи да ги координира релевантните институции во подготовките на позициите на Република Македонија по соодветните одредби од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) поврзани со преминот во втората фаза и истите да и ги предложи на Владата веднаш по одржувањето на следниот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација.

2. Се задолжуваат надлежните министерства и другите органи на државна управа кои се засегнати со преминот во втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), да направат анализа и да дадат најнов пресек и статус на соодветните одредби и за истото да го информираат Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 11 мај 2018 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја информира Владата за статусот на соодветните одредби кои се поврзани со имплементацијата на втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), врз основа на доставените инпути од институциите, најдоцна до 31 мај 2018 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко - индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Анекс - договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки

индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „ПРОДИС“ ДОО експорт импорт Скопје, заведен кај закуподавачот под број 07-607/1 од 18.8.2011 година (најнов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид мислењето на Министерството за економија за преиспитување на правната издржаност на член 13 од Договорот за закуп од 2011 година, со кој се дава право на откуп на градежното земјиште по истекот на времетраењето на Договорот за закуп од 90 години.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата на Управата за јавни приходи за престанок и давање на трајно користење на движни ствари - опрема за дигитална форензика од Управата за јавни приходи на Управата за финансиска полиција, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да се усогласи со Министерството за информатичко општество и администрација.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 4**

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори за текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Големото Војводство Луксембург за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со усогласен текст на Спогодбата и го прифати со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Големото Војводство Луксембург за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

2. Се определува министерот за надворешни работи м-р Никола Димитров во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Големото Војводство Луксембург за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија „Актуел енерџи груп“ ДОО Скопје, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Основното јавно обвинителство Крива Паланка, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи по бришењето на корисничкото право на недвижните ствари кои се наоѓаат на КП бр.1749 во КО Крива Паланка во Катастарот на недвижности и влегувањето во сила на Одлуката, на наредната седница на Владата, да го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Крива Паланка.

## Точка 7

Владата ја разгледа Предлог-листата за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Делчево и даде согласност на Листата за определување имиња на улици, плоштади мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Делчево.

## Точка 8

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Шасине Касами, директорка на Управата за имотно - правни работи и Валентина Димитровска, раководителка на сектор во Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи.

## Точка 9

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Зоран Глигоров, раководител на сектор во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 10

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, за наредната седница на Владата.

**Точка 11**

Владата ја донесе Уредбата за минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), како и функционалноста на Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за наплата на долг од должникот Друштво за проектирање, градежништво и внатрешна и надворешна трговија „Урбан инвест“ ДОО од с.Возарци, Кавадарци и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да склучи вонсудска спогодба со должникот Друштво за проектирање, градежништво и внатрешна и надворешна трговија „Урбан инвест“ ДОО од с.Возарци, Кавадарци, заради регулирање на долгот во износ и на начин како што е утврдено во алтернативата 1 со која се предвидуват 36 рати во оваа информација и Предлог-спогодбата, во прилог кон оваа информација.

2. Се задолжува Министерството за финансии, за обезбедување на побарувањето предмет на вонсудската спогодба, да воспостави заложно право над недвижност сопственост на должникот која по својата пазарна вредност ќе биде во соодност од 2:1 спрема висината на побарувањето.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Конче кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Конче со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со донесување на Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање на комисија за категоризација на угостителски објекти, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Маак Хоумс“ - Кавадарци, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект хотел „„Маак Хоумс“ - Кавадарци, со седиште на бул. Цветан Димов бр.28, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Долче ресорт“

- Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект хотел „Долче Ресорт“ - Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр.48 - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продолжување на крајниот рок за користење на средствата од заемот обезбеден од Европската инвестициона банка за проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, со табеларен преглед и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски, во рок од 10 дена да започне активности за продолжување на крајниот рок за користење на средствата од заемот за две години утврден во Финансискиот договор склучен помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски, во рок од два месеци да достави барање до Европската инвестициона банка за обезбедување на нов, дополнителен заем во износ од 50.000.000,00 евра за проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“.

**Точка 18**

Владата го разгледа Извештајот за моменталната состојба на железничка делница Бељаковце - Крива Паланка, железнички Коридор 8, фаза 2 (нов текст) и го усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува ЈП „Македонски железници Инфраструктура“ да ги преземе сите активности за ретендерирање и најбрзо реализирање на оваа активност.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи за локациите со референтни броеви 143, 144 и 145 на Маркова Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Анекс-договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Маркова“ со реф. бр. 143, МХЕЦ „Маркова“ со реф. бр. 144, МХЕЦ „Маркова“ со реф. бр. 145, бр. 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 2.3.2020 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „ИНДИГО ХИДРО МАКЕДОНИЈА“ ДОО СКОПЈЕ да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Маркова“ со реф. бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 144, МХЕЦ „Маркова“ со реф. бр. 145 најмалку до 2.5.2020 година.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Охридска банка АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот МХЕ „Тополки“ ДОО Скопје, со Предлог-текст на Директен договор и Записник од состанокот на Комисијата за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност, како и на почитувањето на обврските од страна на концесионерите, согласно закон и договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрани и ја усвои со заклучок:

- се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да склучи Директен договор, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот, согласно Договорот за концесија, со Охридска банка АД Скопје.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен, согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи на концесионерот „Актуел енерџи груп“ ДОО Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани, МХЕЦ Ковачка со реф.бр.21, МХЕЦ Ковачка со реф.бр.22 и МХЕЦ Ковачка со реф.бр.23, бр.11-4180/ 1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 22.4.2019 година.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани, МХЕЦ „Крапска“ со реф.бр. 45, бр.11-4182/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 5.4.2019 година.

3. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани, МХЕЦ „Конска“ со реф.бр. 184, бр.11-4184/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 1.6.2018 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да побара од концесионерот „Актуел енерџи груп“ ДОО Скопје важноста на банкарската гаранција за МХЕЦ Ковачка со реф.бр.21, МХЕЦ Ковачка со реф.бр. број 22 и МХЕЦ „Ковачка“ со реф.бр. 23 да ја продолжи најмалку до 20.6.2019 година, за МХЕЦ „Крапска“ со реф. бр.45 до 4.6.2019 година, а за МХЕЦ Конска со реф. бр.184 до 30.7.2018 година.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата со реден број 51 на Река Ехлоечка на концесионерот МХЕЦ „Ехлоец“ ДОО Скопје, со дополнувањето и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Македонија, како Концедент да склучи анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Ехлоец“ со реф. бр.51 со концесионерот МХЕЦ „Ехлоец“ ДОО Скопје, број 11-4181/ 1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 26.9.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од Концесионерот МХЕЦ „Ехлоец“ ДОО Скопје, до денот на потпишување на анекс Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Ехлоец“ со реф. бр.51, да достави анекс кон Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот со важност најмалку до 26.11.2019 година.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Рамковен договор помеѓу Фондот за природа Преспа-Охрид (ПОНТ) и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, со текст на Рамковниот договор и дополнувањето и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Рамковниот договор помеѓу Фондот за природа Преспа-Охрид (ПОНТ) и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки до го потпише Рамковниот договор помеѓу Фондот за природа Преспа-Охрид (ПОНТ) и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

## Точка 24

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година (нов текст), во предложениот текст

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици и Д3-спорт и рекреација КО Доброште-вон г.р., Општина Теарце (нов текст), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици и Д3-спорт и рекреација КО Доброште-вон г.р. Општина Теарце, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на важење на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б-2 големи трговски единици КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б-2 големи трговски единици КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г3- сервиси КО Стајковци вон гр., Општина Гази Баба, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г3 - сервиси КО Стајковци вон гр., Општина Гази Баба, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа со намена Е1-инфраструктура и Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Бошава, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Витач 2 со намена Е1-инфраструктура и Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Бошава, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за поставување на фотоволтаични панели со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Слепче, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за поставување на фотоволтаични панели со намена Е2-комунална супраструктура за производство на електрична енергија КО Слепче, Општина Демир Хисар, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена хотелски комплекс Б5 КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена хотелски комплекс Б5 КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на спортски центар со намена Д3-спорт и рекреација КО Пехчево, Општина Пехчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на спортски центар со намена Д3-спорт и рекреација КО Пехчево, Општина Пехчево, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги „Темов Фруит" ДООЕЛ, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Милков, ул. Партизанска бр.2 Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/284 на Советот од 26 февруари 2018 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/284 на Советот од 26 февруари 2018 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовката на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Македонија кој ќе се одржи на 30 мај 2018 година во Брисел, со прилозите кон него и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се назначува Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија, за ко-претседавач на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција.

2. Се задолжува претседавачот на Поткомитетот внатрешен пазар и конкуренција Блерим Златку, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да биде доставена до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 9 мај 2018 година

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, најдоцна до 9 мај 2018 година да ги достави до службите на Европската комисија.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата со предлози за подобрување на работењето на секторските работни групи (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат координаторите на деветте секторски работни групи од Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да подготват годишен план за одржување на состаноците на секторските работни групи, најдоцна до крајот на мај 2018 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да предложи изменет текст на Деловникот за работа за секторските работни групи, по претходна консултација со институциите претседавачи на секоја секторска работна група, заклучно со средината на мај 2018 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да организира неколку кратки презентации за секторскиот пристап на државните секретари/ замениците на министрите /министрите и директори на институции, согласно нивната достапност, најдоцна до крајот на мај 2018 година.

4. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да дадат предлог до Секретаријатот за европски прашања за претседавање на секторските работни групи, согласно предложените можности од Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до крајот на мај 2018 година.

5. Се задолжуваат д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, по добивање на информациите за претседавачите на секторските работни групи, (наведени во заклучок 4) заедно со министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски, да одржуваат координативни состаноци на секторските работни групи, најмалку еднаш на секои три месеци, а првиот координативен состанок да се одржи најдоцна до крајот на јуни 2018 година.

6. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја информира Владата за работата и резултатите од координацијата на секторските работни групи, еднаш годишно, по одржување на сите координативни состаноци, планирани во текот на годината, не подоцна од еден месец од одржувањето на последниот координативен состанок.

7. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, во улога на национален координатор на странската помош, заедно со министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски, надлежните министри и координаторите на секторските работни групи, да се состанува со донаторите и меѓународните финансиски институции, активни во Република Македонија, најмалку два пати годишно.

Истовремено, Владата заклучи, Секретаријатот за европски прашања да го има предвид Мислењето на Министерството за образование и наука (дава сугестии за: олеснување на вертикалниот проток на информации помеѓу трите нивоа за координација на секторските работни групи, составување на нов Деловник на секторските работни групи, со цел намалување на ризикот од преклопување на работни задачи, како и да се даде поголемо значење на годишната проценка на секторот за исполнување на критериумите).

## Точка 37

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Извештајот за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020 (за периодот 2015-2017 година), со табеларни прегледи.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за локална самоуправа да изврши усогласување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република

Македонија 2015 - 2020 со укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 38**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување мерки за времено згрижување на затекнатите лица под Кале и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, да продолжи со активностите за згрижените лица затекнати под Кале, согласно мапирањето на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, во објекти што ги користи ЈУ за згрижување на деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје (објекти на КП бр. 1062 и КП бр. 1063, евидентирани во пописен лист со незапишани права 2430 за КО Маџари), со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, врз основа на претходна согласност на лицето, најдоцна до јуни 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рамките на предвидениот буџет за 2018 година, во Програма 43 (ставка 425) - Поддршка за Развојот на Ромите, да продолжи да ангажира стручни лица од граѓанските организации за реализација на предвидените активности за лицата затекнати под Кале до нивно целосно интегрирање.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви и во јуни 2018 година до Владата да достави информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување на истите.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Волшебно сонце“ во Битола, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Волшебно сонце“ - Битола, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул.„Мајор Чеде Филиповски“ бб. Гостивар, КП 5906 КО Гостивар-Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за Седумнаесетта емисија на обврзници за денационализација, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Дебар и Општата болница Дебар во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност Дебар, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата условно го донесе новиот текст на Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави мислење по истата.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Браќа Миладиновци“ - Струга, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово, во предложениот текст.

## Точка 60

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 109 став (1) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012, 163/2013, 42/2014, 130/2014, 152/2015, 31/2016 и 178/2016), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Македонија да достави годишна програма за работа и развој за наредната година и годишен извештај за работата за претходната година. Исто така, согласно став (4), од истиот член на Законот, Годишниот извештај за работата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор го доставува до Собранието на Република Македонија најдоцна до 31 март во тековната година, а Собранието го одобрува најдоцна до 30 април истата година.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017 година изработен е согласно членот 109 став (5) од истиот Закон и ги содржи сите наведени елементи: Извештај за извршени активности на Агенцијата во 2017 година, Извештај за состојбата на пазарот на железничките услуги во Република Македонија во 2017 година, Извештај за извршување на Финансискиот план и Финансиски извештај за 2017 година и Ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор. Согласно Финансискиот извештај за 2017 година, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во 2017 година има остварено приходи во вкупен износ од 7.540.120 денари и вкупни расходи по оданочување во износ од 4.728.810 денари.

Извештајот за 2017 година содржи структурна анализа на планираните расходи во 2017 година и остварените расходи во истата година, структурна анализа на планираните приходи и остварените приходи во 2017 година, како и споредбени показатели со реализираните приходи и расходи со 2016 година. Во прилог е доставен Извештај на независните ревизори, согласно кој финансиските извештаи ја даваат вистинската и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор заклучно со 31 декември 2017 година, како и на нејзината финансиска успешност за годината која што завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017 година од формално-правен аспект се укажува на следното:

1. Како изричен правен основ за донесување на Предлог-одлуката ќе треба да се наведе член 109 став (4) од Законот за железничкиот систем.

2. Текстот на Предлог-одлуката има потреба од редакциско подобрување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија дава позитивно мислење по однос на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017 година.

## Точка 62

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државна комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 205 став (1) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17), Државната комисија за своето работење поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година изнесувал 17.869.000 денари, а неговата реализација на крајот од годината 15.157.982 денари.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по однос на Годишниот извештај за работата на Државна комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година.

## Точка 63

Владата го разгледа Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 205 став (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17), Државната комисија донесува Финансиски план кој го доставува до Собранието на Република Македонија најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира неговото спроведување.

Согласно став (6) од овој член, на Финансиски план согласност дава Собранието на Република Македонија.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година од формално - правен аспект се укажува дека во правниот основ за донесување на истата во заградата, ќе треба да се наведат броевите на „Службен весник на Република Македонија“ „136/07“, „130/08“, „97/10“, „53/11“, „185/11“, „15/13“, „148/13“, „28/14“, „43/14“, „130/14“ и „180/14“ во кои се објавени основниот текст и изменувања и дополнувања на Законот за јавните набавки, а бројот „27/2015“ на „Службен весник на Република Македонија" ќе треба да изостане со оглед дека во истиот е објавен пречистен текст на Законот за јавните набавки.

Текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година има потреба од редакциско подобрување.

Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година изнесувал 17.869.000 денари, а неговата реализација на крајот од годината 15.157.982 денари.

Одобрениот буџет на Државната комисија за 2018 година изнесува 19.085.000 денари.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по однос на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 205 став (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17), Државната комисија донесува Годишна програма за работата која ја доставува до Собранието на Република Македонија, најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира нејзиното спроведување.

Согласно став (6) од овој член на Годишната програма за работа на Државната комисија согласност дава Собранието на Република Македонија.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година од формално - правен аспект се укажува дека во правниот основ за донесување на истата во заградата, ќе треба да се наведат броевите на „Службен весник на Република Македонија" „136/07“, „130/08“, „97/10“, „53/11“, „185/11“, „15/13“, „148/13“, „28/14“, „43/14“, „130/14" и „180/14“ во кои се објавени основниот текст и изменувања и дополнувања на Законот за јавните набавки, а бројот „27/2015“ на „Службен весник на Република Македонија“ ќе треба да изостане со оглед дека во истиот е објавен пречистен текст на Законот за јавните набавки.

Текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година има потреба од редакциско подобрување.

Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година изнесувал 17.869.000 денари, а неговата реализација на крајот од годината 15.157.982 денари.

Одобрениот буџет на Државната комисија за 2018 година изнесува 19.085.000 денари.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по однос на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година.

## Точка 65

Владата го разгледа Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 205 став (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17), Државната комисија донесува Стратешки план кој го доставува до Собранието на Република Македонија најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира неговото спроведување.

Согласно став (6) од овој член на Стратешкиот план согласност дава Собранието на Република Македонија.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година од формално - правен аспект се укажува дека во правниот основ за донесување на истата во заградата, ќе треба да се наведат броевите на „Службен весник на Република Македонија“ „136/07“, „130/08“, „97/10“, „53/11“, „185/11“, „15/13“, „148/13“, „28/14“, „43/14“, „130/14“ и „180/14“ во кои се објавени основниот текст и изменувања и дополнувања на Законот за јавните набавки, а бројот „27/2015“ на „Службен весник на Република Македонија“ ќе треба да изостане со оглед дека во истиот е објавен пречистен текст на Законот за јавните набавки.

Текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година има потреба од редакциско подобрување.

Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година изнесувал 17.869.000 денари, а неговата реализација на крајот од годината 15.157.982 денари.

Одобрениот буџет на Државната комисија за 2018 година изнесува 19.085.000 денари.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по однос на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година.

## Точка 66

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за периодот 16 септември 2016 - 15 септември 2017 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 54 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), ректорот е должен најмалку еднаш во годината до сенатот, универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата и за работата на универзитетот.

За таа цел, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје го поднесе Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот за периодот 15 септември 2016 - 14 септември 2017 година, каде што се искажани активностите кои се преземени во наведениот период.

Во изминатиот период што е предмет на овој извештај, се карактеризира со натамошно продолжување на започнатиот процес кон забрзано етаблирање кон европскиот високообразовен простор, како стабилна, современа, автономна и одговорна институција.

1. Нормативно уредување на Универзитетот

Процесот на нормативно уредување на дејностите на Универзитетот, ректорската управа и Сенатот на Универзитетот во академската 2016/2017 година е продолжена, како резултат на потребите на единиците во состав на Универзитетот за остварување на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност.

Во овој период донесени се повеќе акти и извршени се повеќе измени и дополнувања и тоа:

- Одлука за изготвување на Стратегија на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2017/2018-2022/2023;
- Одлука за воведување интегриран информациски систем на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Автентично толкување на одредбите од член 193 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Спроведени се постапки за давање согласност на актите на факултетите и институтите во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Одлука за користење на средствата од интегрираните функции на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје за активности поврзани со научноистражувачка дејност.

Покрај горенаведеното, од страна на Универзитетот континуирано се следат и имплементираат законските прописи и нивните измени и дополнувања надвор од високообразовната и научно-истажувачката дејност, така што во континуитет се реализираат прописите од областа на вработените во јавниот сектор, административните службеници, општата управна постапка, заштитата на личните податоци, новите прописи за издавачка дејност, проектот за меѓусебно електронско поврзување со други институции за остварување на правата на студентите.

Исто така во изминатиот период Универзитетот ги има спроведено потребните активности за реализирање на прописите за вработување во јавниот сектор односно во делот за добивање согласност.

2. Наставно образовна дејност

Во академската 2016/2017 година, Универзитетот континуирано ги продолжил активностите во поглед на осовременување на постојните, воведување нови студиски програми, како и воведување заеднички студиски програми.

На голем број студиски програми на Универзитетот се извршени промени и усогласување со цел да се одговори на законските одредби, особено во поглед на сите елементи на студиските програми, пропишани во процедурата за нивна акредитација, односно реакредитација.

Во рамки на редовните обврски на Универзитетот биле разгледани и дадено позитивно мислење на 124 студиски програми на факултетите и институтите и тоа: проекти за измена

и дополнување на 71 студиска програма од прв циклус, 36 студиски програми од втор циклус студии. Исто така, биле предложени и проекти за воведување три нови студиски програми од прв циклус студии и 14 нови студиски програми од втор циклус на студии.

Во рамки на уписната политика на Универзитетот, реализирани се бројни активности за подготовка и објавување на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2017/2018 година.

Според воспоставената практика и со оглед на видот, карактерот и спецификите на студиите, како и врз основа на Одлуката на Владата на Република Македонија во 2016/17 година, на 12 студиски програми од прв циклус на студии мирувало запишувањето на нови студенти.

Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии се реализирал во три уписни рокови.

Во рамки на трите уписни рокови биле пријавени 7671 кандидат, а запишани 6.811 кандидати. По завршување на трите уписни рокови на Универзитетот во сите категории во академската 2016/2017 година биле запишани 6.288 редовни и 352 вонредни студенти, односно вкупно 6.640 студенти. Прикажани по категории, бројките се следни: во државна квота - 1.218 редовни студенти, вонредни студенти - 352, од кои 41 студент запишан во рамките на Проектот 30/35; надвор од квотата по основа на националност, надвор од квотата по други основи и надвор од квотата ослободени од плаќање - 134 студент (130 редовни и 4 вонредни); 60 странски студенти; 22 државјани на Република Македонија со завршено средно образование во странство и 22 странски студенти - стипендисти на Владата на Република Македонија.

Кандидатите странски државјани и кандидатите државјани на Република Македонија кои целокупното средно образование го завршиле во странство, се запишале под исти услови и критериуми утврдени во Конкурсот за сите кандидати, надвор од утврдената квота. Во трите уписни рока биле пријавени и примени 60 кандидати странски државјани и тоа: 28 од Република Турција, десет од Република Србија, девет од Република Косово, шест од Република Бугарија, три од Република Црна Гора, еден од Република Хрватска, еден од Сојузна Република Германија, еден од Соединетите Американски Држави и еден од Саудиска Арабија.

Според квотите утврдени во Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии предвидено е да се запишат вкупно 5.827 студенти на 281 студиска програма.

Во изминатиот период, Универзитетот, покрај многуте активности, обрна особено големо внимание кон воведување и заживување на третиот циклус-докторски студии.
Со оглед на значењето и нивната интегративна димензија, а во согласност со измените на законската регулатива во делот што се однесува на третиот циклус на студии, утврдена е една најсовремена форма - докторски студии да се организираат во Школа за докторски студии.

3. Издавачка дејност

Значајно место во интегративните процеси на Универзитетот зазема и развојот на издавачката дејност, која, пред се, е во функција на ефикасноста во студирањето.
Издавачката дејност на Универзитетот се остварува преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, студии, годишни зборници, гласила на Универзитетот и друга прирачна литература.

4. Меѓународна соработка

Следејќи го развојот на научните, технолошките и образовните иновации, меѓународната соработка на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје е фокусирана во правец на интензивно вклучување во европските образовни и истражувачки центри, регионалните централно - источноевропски иницијативи за соработка со медитеранските и балканските земји, универзитетите во САД и други академски центри.

- ЕРАЗМУС + - партнерство за мобилност на студенти и наставен кадар.

Програмите за академска мобилност се од големо значење за развојот на квалитетот на студиските програми и идното вработување на студентите и се тесно поврзани со имплементација на реформите од Болоњскиот процес и европските образовни стандарди.

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје е партнер во програми за мобилност на студентите и наставниот кадар кои се дел од програмата. Меѓународната соработка на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје во изминатиот период се остварува по пат на

- Билатерални меѓууниверзитетски и меѓуинституционални договори за соработка и
- Активно учество во меѓународните асоцијации и мрежи поврзани со високото образование.

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје активно учествува и во меѓународните асоцијации и мрежи поврзани со високото образование и следење на најразлични форуми, средби и настани со меѓународен предзнак.

5. Финансирање

Своето финансиско работење, во наведениот период, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го нема прикажано според планираните активности во Програмата за работа на Универзитетот, Финансискиот план, Статутот на Универзитетот, Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и Правилникот за сметководствениот план за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за класификација на приходите и расходите и други акти кои ја регулираат оваа материја.

Сите промени во финансиското работење во горенаведениот период не се во прилог на доставениот Извештај.

Бидејќи, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во состав на Универзитетот се буџетски корисници и се финансираат од Буџетот на Република

Македонија, потребно е во Извештајот да се прикажат приходите и расходите на сметките од типот 603.

Основен и единствен извор на финансирање на буџетската сметка е Министерството за образование и наука, а на сметката за сопствени приходи е продажбата на учебници, дипломи, обрасци, материјали и други приходи. Во останатите сметки, извори на финансирање се уплатите од студентите, соодветни на намената за која се отворени, додека како извор на финансирање на сметките на проектите се соодветните донатори.

Согласно со Статутот на Универзитетот и единиците на Универзитетот учествуваат во остварување на интегрираните и други дејности на Универзитетот, со процент од остварените приходи.

Распределбата, односно трошењето на средствата од сметките на Универзитетот, треба да се извршува наменски, во согласност со утврдениот Финансиски план. Меѓутоа, истото во Извештајот не е целосно опфатено.

## Точка 67

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Предмет на Барањето за автентично толкување е член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) (во понатамошниот текст: законот), со кој се уредува даночната основа на данокот на имот.

Имено, според член 5 од законот, основа на данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот. Утврдувањето на пазарната вредност на недвижен имот ја врши лице проценувач кое е вработено во единицата на локалната самоуправа, а по барање на единицата на локалната самоуправа може да ја врши и лице кое е овластен проценувач. По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај на утврдување на данок на промет на недвижности за целите на постапката од членовите 38-а, 38-б, 38-в, 38-г и 38-д од овој закон, а на барање на обврзникот, утврдувањето на пазарната вредност го врши исклучиво овластен проценувач. Пазарната вредност од ставот (1) на овој член се утврдува според Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.

Контрола и ревизија на утврдувањето на пазарната вредност од ставот (2) на овој член, врши Министерството за финансии. Ревизија на утврдувањето на пазарната вредност од ставот (3) на овој член по барање врши Комисијата за ревизија на процена при Комората за проценувачи.

Според член 21, основа на данокот на промет на недвижности е пазарната вредност на недвижноста во моментот на настанувањето на обврската. При замена на недвижности, даночна основа е разликата на пазарните вредности на недвижностите кои се заменуваат. При пренос на идеален дел на сопственоста на недвижноста, даночна основа е пазарната вредност на идеалниот дел на недвижноста. При продажбата на недвижноста во стечајна и во извршна постапка, даночна основа е постигнатата продажна цена по пат на јавно

наддавање или со непосредна спогодба, доколку по две последователно спроведени постапки на јавно наддавање не е извршена продажба на недвижноста. При реализирана продажба на недвижен имот во постапка на јавно наддавање спроведена од државни органи и единиците на локалната самоуправа, даночна основа е постигнатата продажна цена во постапката на јавно наддавање. Пазарната вредност се утврдува според Методологијата од членот 5 став (4) на овој закон.

Јасно е дека целта на законодавецот во однос на утврдување на даночната основа на даноците на имот е да биде пазарната вредност на недвижниот имот која се утврдува, односно пресметува, согласно Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот.

Според ова, во моментов, Законот за даноците на имот ја задржува даночната сензибилност и овозможува еднаков и идентичен пристап во однос на пресметувањето на даноците на имот на целата територија на Република Македонија, со што во ниту една ситуација не се противи на уставните начела на еднаквост на граѓаните пред Уставот на Република Македонија и законите во Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, одредбата од член 5 од Законот за даноците на имот е јасна и прецизна, така што Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати Барањето за давање автентично толкување на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани.

## Точка 68

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членовите 29-а, 29-б, 29-в и 29-г од Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, поднесено од градоначалникот на Општина Шуто Оризари и претседателот на Советот на Општина Шуто Оризари, и притоа го утврди следново мислење:

Прашањата во врска со правата кои им припаѓаат на избраните и именуваните лица од денот на изборот, именувањето, односно назначувањето до крајот на месецот во кој им престанала функцијата, се уредени со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

Во глава V-а од Законот се уредени надоместоците на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје, каде со член 29-а е уредено дека на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневните трошоци, а средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на општината и во Буџетот на Градот Скопје.

Во однос на месечниот надоместок за присуство на седници на советот кој е уреден со член 29-б од Законот, истиот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но не повеќе од:
- 40% во општини до 10.000 жители,
- 50% во општини од 10.001 до 25.000 жители,

- 60% во општини од 25.001 до 50.000 жители,
- 70% во општини над 50.001 жител и
- 100% во градот Скопје.

Висината на месечниот надоместок за присуство на седниците се утврдува со одлуката за извршување на буџетот на општината и Буџетот на Градот Скопје.

Исто така, со член 29-в е утврдено дека висината на надоместокот на претседателите на советите на општините и на претседателот на Советот на Градот Скопје, за раководењето и организирањето на работата на советот, да се зголемува за 30% од надоместокот кој е утврден со член 29-б од законот.
Во зависност од присуството на членовите на седниците на советот, е уреден и начинот на исплата на месечниот надоместок и притоа истиот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот, додека пак месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница. (член 29-г).

Од содржината на напред наведените членови од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, произлегува дека јасно и прецизно се утврдени условите и начинот за стекнување на месечниот паричен надоместок на членовите на советот во општините и Град Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати барањето поднесено од градоначалникот на Општина Шуто Оризари и претседателот на Советот на Општина Шуто Оризари, кое се однесува на автентичното толкување на членовите 29-а, 29-б, 29-бв и 29-г, од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија" бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 161/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14) и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 133/2017 објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/18, со оглед на тоа што одредбите од овие членови се концизни, јасни и прецизни и не предизвикуваат негативни дејствија при нивната примена.

## Точка 69

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за Државното правобранителство, поднесено од пратеникот Реџаиљ Исмаили, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави заедничко мислење со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 70

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

(„Службен весник на Република Македонија бр.132/17“), поднесено од Народниот правобранител Иџет Мемети за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација, да подготви заедничко мислење со Министерството за финансии и да го достави до Владата.

Барањето претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 71**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.19/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010 и 100/2012), со заклучок истата претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да подготви мислење во соработка со Секретаријатот за законодавство и истото да го достави до Владата.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.8456 за КО Сарај, КП бр.11271 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.105358 за КО Бутел на КП бр.6072 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43154 за КО Центар 1 на КП 3101/0 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 75**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр.141/18 за КО Бутел и по Известувањето го усвои Мислењето од АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката.

**Точка 76**

**1.** Владата го разреши Драган Дамјановски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

1.1. Владата го именува Златко Колев за член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

## Точка 77

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 30.4.2018 година до 6.5.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, во врска со долгот на МЈП-Проаква Р.Е.Водовод - Охрид спрема Министерството за финансии, Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Општина Струга и Општина Охрид, да формира работна група, со цел изнаоѓање решение со кое што долгот рамноправно ќе биде поделен меѓу општините и со кое што ќе биде разрешена ситуацијата со враќање на долгот за МЈП-Проаква Р.Е.Водовод - Охрид спрема Министерството за финансии (да се изедначат условите) и за истото да ја информираат Владата во рок од седум дена.

2) Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Општина Струга и Општина Охрид (Работната група), да ја согледаат потребата и да предложат евентуална поделба на МЈП-Проаква Р.Е.Водовод - Охрид, имајќи ги предвид последиците кои би произлегле од таквата поделба, за што да ја информираат Владата во рок од 30 дена.

**3.** По повод доставениот предлог од д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции во врска со начинот на правно регулирање на идната сопственост на објектите кои ќе се градат согласно Проектот со ТАВ Македонија и кои ќе бидат во врска со анексите кои ќе треба да се подготвуваат и потпишуваат, регулирањето на поврат на ДДВ, анекс на договор за името и други проблеми кои може да произлезат, Владата заклучи:

1) Формира Работна група која ќе ги разгледа горенаведените прашања во врска со формално-правни работи кои треба да бидат решени, со цел започнување на Проектот со ТАВ Македонија и негова имплементација и реализација, во состав од претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука и Кабинетот на д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

2) Се задолжуваат д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, д-р Драган Тевдовски,

министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во рок од 7 дена да номинираат по едно лице (правник) во работната група.

**Точка 78**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2017 година на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на реализација на проектот „Откуп на дворно место 1 евро за 1 $м^2$", како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за поврзување на ТИРЗ „Тетово" со автопатот А2 (Е-65), како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Програмата за работата на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за тековниот статус на болниците во процесот на акредитација, за периодот јануари - март 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за работата на Државниот инспекторат за локална самоуправа за периодот јануари - декември 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Државниот инспекторат за локална самоуправа да ги искаже и образложи своите кадровски потреби до Министерството за финансии.

Исто така, Владата му укажа на Министерството за финансии во наредното буџетирање да предвиди средства за кадровско доекипирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа.

**Точка 86**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2017 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Анализата на предметите и постапките пред Европскиот суд за човекови права за 2017 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес во врска со имплементацијата на Акцискиот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2017 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, Бон, Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана - за периодот 1 јануари - 15 декември 2017 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во Дневните центри за деца и лица со пречки во развојот, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „CWIX 2018“, во Република Полска, во предложениот текст.

**Точка 91**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SABER STRIKE 18“, во Република Полска, во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за програма за одбележување на јубилејот „1000 години од формирањето на Охридската архиепископија“ од страна на државата и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја прифати Програмата за одбележување на јубилејот „1000 години од формирањето на Охридската Архиепископија“ од страна на државата, со заклучок Министерството за образование и наука да биде изземено од активноста во Програмата да направи конкурс за најдобар ученички есеј.

2. Се задолжува Министерството за финансии да одобри дополнителни средства, согласно финансиската конструкција на соодветните институции во Програмата, бидејќи активностите за одбележувањето не се предвидени во програмите на институциите за тековната буџетска година.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на позајмица на „11 Октомври Еурокомпозит“ АД Прилеп, со прилозите кон неа и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот (коригиран) текст на Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од склучување на договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини - базалт помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на работите на изградба на експресен пат А3, делница Штип - Кочани, дел 1 од 0+000 км до 14+300 км, на локалитетот „Ежево Брдо“ Општина Карбинци, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини - песок и чакал помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на работите на изградба на експресен пат А3, делница Штип - Кочани, дел 1 од 0+000 км до 14+ 300 км, на локалитетот Крупиште, Општина Карбинци, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговија и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, номотехнички да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Биљана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 98**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени и согласно усно изнесените позитивни мислења на Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заклучи:

- ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени, со тоа што во членот 1 во ставот 2 наместо зборовите „член 1 став 1 на оваа одлука“ да стои „став 1 на овој член“.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од алтернативно финансирање за реализација на изградбата на дистрибутивната мрежа во Република Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за економија во рок од два месеци да ја информираат Владата за можностите за алтернативно финансирање за реализација на изградбата на дистрибутивната мрежа за природен гас во Република Македонија.

*

* *

Заклучокот е променет на 68-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 15.5.2018 година, Точка 46, Прашања и предлози и истиот гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за економија, во рок од 30 дена да се обратат до меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за испитување на можноста за добивање на техничка помош и обезбедување на финансиски средства за финансирање на проектот за изградба на дистрибутивната мрежа во Република Македонија“.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишувањето на Заедничката декларација за намери од страна на шефовите на владите на Република Бугарија и Република Македонија за овозможување на спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија во Бугарија и Македонија, како и Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за енергетика на Република Бугарија и Министерството за економија на Република Македонија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија, усогласени текстови на Заедничка декларација и Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Заедничката декларација за намери од страна на шефовите на владите на Република Бугарија и Република Македонија за овозможување на спојување на ден однапред пазарите на електрична енергија во Бугарија и Македонија.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за енергетика на Република Бугарија и Министерството за економија на Република Македонија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија.

3. Се овластува министерот за економија, д-р Крешник Бектеши, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за енергетика на Република Бугарија и Министерството за економија на Република Македонија за спојување на ден-однапред пазарите на електрична енергија.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**